**2021041620**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 17-а став 2 од Законот за Инспекцијата на труд („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/97, 29/02, 36/11, 164/13, 44/14, 33/15, 147/15 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 317/20), министерот за труд и социјална политика донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ИЗРЕЧЕНИТЕ ИНСПЕКЦИСКИ МЕРКИ ОПОМЕНИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденцијата за изречените инспекциски мерки опомени.

Член 2

Евиденцијата за изречените инспекциски мерки опомени се води во електронска форма.

Евиденцијата од став 1 на овој член, содржи рубрики за: реден број, број и датум на решението со кое е изречена опомената, име и презиме на лицето кое го сторило прекршокот за кој се изрекува опомена, живеалиште/престојувалиште, назив и седиште на работодавачот, кратко означување на видот на прекршокот за кој се изрекува опомената, име и презиме на инспекторот на труд кој ја изрекол опомената и забелешка.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-1365/6
16 февруари 2021 година
Скопје

Министер за труд и
социјална политика,
**Јагода Шахпаска**, с.р.